[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 24 -10- 2023
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 | 1221/1 | |

До
Општина БИТОЛА

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

[redacted] против насилството, во рамките на проектот ,,На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во согласност со ЕУ стандардите" спроведува мониторинг на Националниот акциски план за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција). Владата на Република Северна Македонија на деведесет и третата седница одржана на 9.10.2018 година го усвои Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската Конвенција (2018-2023) и ги задолжи сите надлежни министерства и релевантни институции да подготват годишни Оперативни планови за спроведување на активностите од НАП-от и да ги објават на своите ВЕБ страници.

**Во декември 2020 година [redacted] публикува Извештајот за напредокот на Р.Северна Македонија при спроведувањето на националниот Акциски План (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција (ИК) за период од 2 (две) години и тоа од октомври 2018 до октомври 2020 година** http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/NAP-finalen.pdf.

**Во насока на спроведување на гореспоменатиот мониторинг, [redacted] пристап до информации од јавен карактер во врска со спроведувањето на активностите предвидени во годишниот оперативен план за имплементација на ИК од јуни 2021 година заклучно со декември 2021 година.**

**Согласно усвоениот Национален Акциски План (2018-2023) (НАП) во ЦЕЛ 3, а се однесува на превенцијата од родово базирано насилство и семејно насилство вие како единици за локална самоуправа (ЕЛС) сте носители за спроведување на определени активности.**

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. **Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и во рурални средини за периодот од 2018-2023 година?**
   - **Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано. Бараните податоци поделете ги за секоја година одделно.**
   - **Доколку имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.**

2. **Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или дел да ги ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?**
   - **Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планираните нови документи каде би ја вклучиле.**

[redacted]

3. Дали општината има аплицирано на Јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит Бр: 8902 –МК )?
   - Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви беше проектна апликација.
   - Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик и во кој износ?
   - Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.

4. Колку средства од буџетот на општината се наменети и доделени на граѓански организации за спроведување на активности поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство? Ве молиме податоците поделете ги по година одделно за 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 И 2023 година, име на организација која добила средства, наслов на проект, висина на доделена финансиска поддршка и постигнати резултати.

**Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да го контактирате електронски лицето за контакт и тоа:**
[redacted]

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**√ електронски запис**
- д) друго ________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**√ г) е-маил**
- д) друго ________________________________

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса: [redacted]

**Ви благодариме за соработката,**
**Скопје, 20.10.2023г.**

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Виолета Налевска

Бр.11-122/2
26.10.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-122/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

26.10.23

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 27.10.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 122/2 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Емилија Илиевска
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр. 11-122/2 за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на барање бр. 11-122/1 поднесено од Елена Димушевска, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, ве известуваме дека во Општина Битола има аплицирано на Јавен повик за Проект за подобрување на социјалните услуги (ППСУ).

1.Овие активности ги спроведуваат здруженијата на граѓани со финансиска поддршка на општината. Во прилог записници од реализирани проекти на здруженијата. Со напомена во 2023 повикот го распиша комисијата за финансии и буџет и немаме делатни информации за проектите. Повикот беше со аспект на родовата еднаквост.

2. Старегијата за ЕМ и програмите за еднакви можности.

3. Аплицирано е за Нега на стари лица во домашни услови преку ОО Црвен Крст Битола и Квалитетна образовна инклузија преку формирање на Центар за дневен престој и образовна поддршка на ученици со попреченост преку Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби.

И двете апликации беа одбиени.

4. Во прилог записници по години со реализирани проекти и средства. Од 2022 се одвојуваат средства во висина од 1.000.000 ден за Советовалиште за жртви на семејно насилство.

26.10.2023

Раководител на одделение
за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Прилог 1

Извештај за соработката на КЕМ со Здруженијата на граѓани 2019

1.Соработката со здруженијата на граѓани во делот на имплеметација на проекти Во делот на превенција од семејно насилство :Здруженијата на граѓани Престиж, Семпер кои работеа на превенција на различни целни групи на деца од основно до средно образование.

**ЗГ Семпер „Превенција од семејно насилство”** кој се реализираше во период од 2 месеци (Ноември – Декември 2019 год.).

**Изработка на информативно едукативен материјал;**

Во рамки на проектот тимот на, СЕМПЕР подготви и лифлет со истоимениот наслов во 1000 примероци и истиот беше дистрибуиран за време на активностите од проектот.

1. **Реализација на 8 (осум) интерактивни работилници**

Согласно предложениот проект во кои беа предвидени 8 работилници од кои 4 во основните училишта ( ОУ „Св. Климент Охридски“, ОУ„ Ѓорѓи Сугарев“, ОУ „Стив Наумов“ , ОУ „Коле Канински“ и 4 средни училишта СОУ„ Јован Калаузи“, СОУ „Кузман Шапкарев“,СОУ„ Јане Сандански“, СОУ „ Јосип Броз Тито“ се реализираа 8 работилници со мала промена, односно наместо 4 работилници во . средни училишта беа реализирани 3 во средни и 5 во основни училишта.Промената настана од причини што СОУ „Јосип Броз Тито “ не одговори на нашето барање за реализација на предвидената работилница поради и што наместо една работилница во ОУ „Св.Климент Охридски“ беа реализирани 2 работилници.

Вкупно во работилници беа вклучени 225 учесници од кои 129 од женски пол и 96 од машки пол.

Целта на овие работилници беше учениците од основните и средните училишта да добијат повеќе информации за проблемот на семејно насилство, кои видови на семејно насилство постојат, причини за семејното насилство и последиците од истото. Работилниците беа со цел да ги поттикнат младите за навремена превенција од семејно насилство и да научат кои се нивните права во семејството по однос на семејното насилство и како да ги остварат истите. За време на работилниците им беа презентирани и постоечките ресурси кои им стојат на располагање на локално и национално ниво за заштита од семејно насилство со цел заштита на основните човекови права. Работилниците поттикна голем интерес за што се отвораа и дискусии и поставуваа прашања и за конкретни примери од семејно насилство. Учесниците на работилнците поставуваа и прашања во врска со постапката за пријаввање на семејното насилство и кој се е надлежен да го пријави семејното насилство.

Со реализација на овој проект се придонесе за поголема информираност кај

младата популација за проблемот на семејното насилство и се очекува да доведи до промена на ставовите кај младите во однос на родово базираното насилство кое долгорочно би довело до намалување на семејното насилство.

Проектот имаше и негова видливост преку објавување на активностите на веб. страните на училиштата и веб страната на СЕМПЕР

**ЗГ Престиж**

Во склоп на глобалната кампања „16 дена активизам против насилство врз жени и девојчиња" ПРЕСТИЖ ја промовира публикацијата "Промоција и едукација за Истамбулска Конвенција".

Во публикацијата која со финансиска поддршка на општина Битола, ја подготви ПРЕСТИЖ, освен презентација на целите на конвецијата сместени се и резултати од истражувања како и насоки и препораки за превенција намалување на родово базираното насилство.

Според резултатите од истражувањата очигледно е дека кај учениците постои недоверба во институциите на системот при справување со родово базирано насилство како и личен страв да се справат со истото. На настанот беше истакната потребата од организација на поголем број информативни сесии за препознавање и превенција на родово базирано насилство кои ќе опфатат поголем број на ученици како и поголема соработка на релевантните институции со училиштата во правец на решавање на постоечките пррроблеми.

На настанот беа присутни релеванти претставници на Центар за Социјална работа, Комисија за еднакви можности при Општина Битола, Медицински Центар претставници на НВО, наставници и ученици од основните училишта и други релевантни чинители.

Настанот е организиран од Здружение на жени Престиж во правец на поголема информираност, охрабрување и запознавање со европските начела и принципи во правец на превенција на насилството врз жените и постигнување на еднаквост меѓу мажите и жените како една од европските заложби за обезбедување на иднина ослободена од насилство врз жените

**ЗГ АМОС** Проектот „Преку врсничка едукација – подигнување на свесноста за сексуалното и репродуктивно здравје и едукација кај младите во Битола" се реализираше во периодот септември-ноември 2019 година.

- Главна цел на проектот беше подигнување на свесноста кај младите за сексуалното и репродуктивно здравје.

  Остварени беа следните цели:
- Обучени врснички едукатори
- Реализирани врснички едукации
- Истражени специфики на образованието за сексуално и репродуктивно здравје
- Стекнати знаења за СРЗ, со акцент на заштита од несакана бременост, СПИ, ХИВ/СИДА
- Завршна приредба со сите учесници.

Целна група се учениците од сите средни училишта од градот. Индиректни корисници беа учениците од сите средни училишта, родителите и професорите.

Проектните активности се реализираа во 4 фази, за време на 3 месеци, од септември до ноември 2019.

Во првата фаза беа реализирани неколку активности: подготвителен состанок на

тимот и подготовка на материјали и презентации, состаноци со директори и педагошко-психолошки служби во училиштата за именување на ученици – врснички едукатори.

Втората фаза се состоеше 1 работилница за обучување на врсничките едукатори и приредба.

На работилницата, учениците имаа можност да ги разработат темите поврзани со адолесцентите и сексуалното и репродуктивно здравје, како и СПИ, ХИВ/СИДА, користејќи ја националната стратегија за СРЗ во Северна Македонија, како и прирачникот за образование за човекови права „Компас", преведен и адаптиран на македонски јазик од страна на Центарот за човекови права „АМОС"-Битола. Беа применети принципите на учество, искуствено учење, учење по пат на соработка и учење со решавање на проблеми.

Приредбата се одржа традиционално, по 18 пат, во Народен театар Битола. Беа одбележани двата значајни датума за децата: 19 ноември – Светски ден за превенција на детската злоупотреба и 20 ноември – Меѓународниот ден на детето. Беа претставени и темите и содржините од проектот.

Третата фаза беше реализирање на врснички едукации од страна на врсничките едукатори во нивните училишта. Такви работилници беа реализирани во Музичкото училиште (2), Економското училиште „Јане Сандански" (2) и Стопанското училиште „Таки Даскало". Останатите училишта ќе организираат работилници во наредниот период. На овие работилници врсничките едукатори ја организираа и водеа работилницата и зборуваа за темите пред нивните соученици. Интересот беше многу голем и со тоа, целта беше постигната.

Четврата фаза беше евалуацијата која се состоеше од подготвување извештај и резимирање на проектот, како и објавување на активностите на страната на АМОС на Фејсбук.

**ЗГ Клеа „Намалување на невработеноста на жените преку женско претприемништво„** во Општина Битола

**Реализирани активности:**

**1.Анализа на состојбата во однос на невработеноста на жените и мажите во Општина Битола**

**Заклучоци и препораки**

- Една од најзначајните области во кои разликите во положбата на жените и мажите остануваат значителни е економијата.
  Жените се соочуваат со отежнат пристап и дискриминација по
  Основ на пол, на пазарот на трудот.
- Локалната самоуправа на Општина Битола како креатор на локалната политика треба да превземе конкретни мерки и активности за решавање на економското јакнење на жените во Општина Битола поставувајќи го како приоритетен проблем.

- Изработка и усвојувањето на документи со конкретни мерки и активности за економско јакнење на жените од страна на Советот на Општина Битола, односно планирање на средства од буџетот на Општина Битола.
- Анализата од податоците добиени од АВРМ покажа дека 41% од невработените жени од Општина Битола поседуваат професии кои не се соодветни на барањата на пазаро на трудот (учителинаставници, туристички работници, јавна администрација, ВМШ). Останатите 59% поседуваат професии кои се соодветни на потребите на пазарот на трудот (технички факултет, машински факултет, економски факултет, правен факултет).
- Резултатите од направената анкета од страна на ЖГИ Клеа споредени со податоците од АВРМ покажаа дека околу 65% од испитаничките ги поседуваат потребните вештини но не поседуваат соодветни сертификати за основни компјутерски апликации (MS Office, Auto Cad), како и стекнати напредни знаења и вештини од областа на информатичката технологија
- Групата невработени жени со соодветни професии на потребите на пазарот на труд треба да се поддржат преку нивно поврзување со потенцијални работодавачи на саем на работни места или преку специјални презентации.
- Невработените жени кои немаат соодветни професии со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот, претставуваат целна група која треба да биде опфатена со дополнителни мерки
- За активностите кои ќе овозможат едукација и финансиска поддршка на невработените жени за стекнување на вештини и знаења за отварање сопствен бизнис потребно е издвојување на соодветна сума на средства во буџетот на Општина Битола
- Активна вклученост на КЕМ и координаторката за еднакви можности во процесот на подготовка на програмите и буџетот на Општината, со конкретни мерки за унапредување на еднаките можности.
- Развиени локални политики за следење на исполнувањето на обврските на локалната власт.

Во делот на дневна грижа за стари лица **со Организација на жени** Во текот на целата година се спроведува акцијата „Помош на стари лица во домашни услови“ од страна на пет членки.

2. Во 2019 сите членови на Советот имаа можност да следат работилница за **„Вклучување на родовата перспектива во локалните програми“** финансирана од Општина Битола во соработка со МТСП.

3.Со финансиска поддршка на Општина Битола од 150.000 ден. беше изготвена анкета за испитување на мислењето на граѓаните за родовата еднаквост во општината. Анкетата ја спроведе здружението Сумнал. Примерокот беше составен од **661 испитаник** кои живеат во Општина Битола. За зголемување на репрезентативноста на примерокот беа опфатени испитаници од различен пол, возрасни групи, етнички припадности, степен на образование, социоекономски статус и место на живеење. Оваа анкета и добиените резултати ќе се основа за натамошна изработка на стратегијата за родова еднаквост на општина Битола.

**За дел од активностите на здруженијата се издвоени средства од 150.000 ден од средствата за здруженија на граѓани.**

Изготвил:
м-р Виолета Налевска

Подготвил:

Сектор за економски развој, јавнни дејности и информатичка технологија на општина Битола

Разгледува:

Комисија за еднакви можности

Одлучува:

Совет на општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА НА КЕМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ЗА 2020 ГОДИНА

Мај, 2021

СОДРЖИНА:

ВОВЕД ........ 1

ЦЕЛИ И ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА БИТОЛА ........ 1

ЦЕЛИ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА НА КЕМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ЗА 2020 ГОДИНА ........ 2

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА СОРАБОТКАТА НА КЕМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ЗА 2020 ГОДИНА ........ 3

1. ЦЕНТАР ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА „АМОС“ - БИТОЛА ........ 3

2. ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ СЕМПЕР ........ 5

3. ЖЕНСКА ГРАГАНСКА ИНИЦИЈАТИВА „КЛЕА„ БИТОЛА ........ 7

4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ НА ОПШТИНА БИТОЛА ........ 9

# ВОВЕД

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Битола има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Општина Битола во соработка со Комисијата за ЕМ и недискриминација согласно постоечката Стратегијата за родова рамноправност 2016-2019 пристапија кон изработка на програма за еднакви можности во чии што рамки е предвидено организирање на различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

# ЦЕЛИ И ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Основна цел на програмата за еднакви можности на територија на општина Битола е општината да создаде услови за:

- Воведување на родов пристап во креирање политики
- Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола
- Родова еднаквост преку образование

- Родова еднаквост преку култура
- Родова еднаквост преку медиуми
- Родова еднаквост преку здравство
- Родова еднаквост преку спортот
- Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе
- Родова еднаквост и економското јакнење на жената

## ЦЕЛИ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА НА КЕМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ЗА 2020 ГОДИНА

Извештајот за реализација на соработката на кем со здруженијата на граѓани за 2020 година во себе ги вклучува реализираните и активности, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност реализирана од страна на зг според програмата.

Главните активности кои што во 2020 година беа предвидени и реализирани во рамките на оваа програма се одделени во девет основни ставки, насочени кон поддршка на создавање еднакви можности, од кои што дел се предвидено да се реализираат со поддршка на Здруженијата на граѓани преку нивни Проекти.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА СОРАБОТКАТА НА КЕМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ЗА 2020 ГОДИНА

Во текот на 2020 година голем дел од првично предвидените активности во соработка на КЕМ со здруженијата на граѓани останаа нереализирани поради новонастанатата состојба на светско ниво во поглед на Корона 19 пандемија поради која што дел од активностите беа невозможно да се реализираат поради потребата од физичко присуство и спротивставеност со препораките за заштита од Ковид 19 вирус.

Соработката со здруженијата на граѓани во делот на имплеметација на проекти е како што следува:

## 1. ЦЕНТАР ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА „АМОС" - БИТОЛА

**Наслов на проектот:** „Се движам и учам" – Основни прашања за родот

**Главна цел на проектот:** Запознавање на децата со родовите прашања и термини, како што се: род, пол, родови улоги, стеротипи и предрасуди, родова дискриминација, родово-базирано насилство и сл.

**Цели на проектот:**

- Стекнување на знаења во врска со родовите прашања
- Реализирање на работилници
- Истражување на спецификите на образованието за човекови права, употребувајќи го Компасито

**Идентификувана родова перспектива**

- Градење на свесност за род
- Препознавање на негативните влијанија на родовите стереотипи

- Правење разлика помеѓу фактите и верувањата
- Прифаќање на себеси и другите како сложени и единствени поединци со широк спектар на „машки и женски карктеристики
- Родовото образование, преку едуцирање за родот и родовите стереотипите, им помага на децата, идните возрасни граѓани на општина Битола, во градењето на граѓанска рамноправност каде мажите и жените живеат во односи на соработка и заемно почитување.

**Реализирани активности**

1. Подготвителни активности
2. 3 онлајн работилници
   - Прва работилница: градење на група, меѓусебно запознавање, основни поими за пол, род, родови улоги
   - Втора работилница: Дискриминација, Стереотипи и предрасуди
   - Трета работилница: Насилство и мирно решавање на конфликти, акцент на родово-базирано насилство
3. Евалуација на проектот

**Резултати од реализираните активности**

1. Подготвителни активности
   - Остварен контакт со училиштата
   - Именувани ученици – учесници во проектот
   - Подготвени материјали за работилниците
2. 3 онлајн работилници
   - Прва работилница
     - Успешно изградена група
     - Стекнати поими за пол, род и родови улоги
   - Втора работилница
     - Усвоени поими за дискриминација, стереотипи и предрасуди
   - Трета работилница
   - Запознавање со поимот насилство и родово-базирано насилство

- Начини на мирно решавање на конфликти

3. Евалуација на проектот
   - Број на вклучени ученици
   - Број на испратени цртежи

**Активности за односи со јавноста (линкови од медиумски објави)**

- Објавени цртежи од учениците во врска со проектот на нашата фб страница и фб група
  - https://www.facebook.com/groups/175663072319
  - https://www.facebook.com/%D0%A6%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80-%D0%B7%D0%B0-%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0-%D0%90%D0%BC%D0%BE%D1%81-Centre-for-human-rights-Amos-110774740370101

**Доделени средства за 2020 година - 30 000 денари**

## 2. ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ СЕМПЕР

**Наслов на проектот**: „ Будно против трговија со луѓе“

**Главна цел на проектот:**

Проектот „Будно против трговијата со луѓе“ имаше за цел зајакнување на капацитетите на здравствениот персонал и соработниците за поголема информираност за проблемот на трговија со луѓе со цел поуспешна идентификација на потенцијалните жртви на трговија со луѓе, и зголемувње на свесноста кај ранливите групи со цел да не станат жртви на трговија со луѓе.

Проектот исто така има за цел имплементација на Националната стратегија и Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2017-2020) и Локалниот акциски план за борба против трговија со луѓе во Општина Битола на локално

ниво со цел намалување на бројот на жртви на трговија со луѓе посебно на малолетните лица.

**Цели на проектот**:

- Да се зголеми информираноста на здравствените работници и соработници за навремена идентификација на потенцијалните и жртвите на трговија со луѓе;
- Да се зголеми информираноста на родителите и децата под ризик за проблемот на трговија со луѓе со цел заштита на нивните деца да не станат жртви на трговијата со луѓе;
- Да се подигне јавната свест кај пошироката јавност за проблемот на трговијата со луѓе;
- Да се придонесе во имплементација на Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Општина Битола (2017-2020 и Националната стратегија и Акциониот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Владата во Р.М (2017-2020);

**Идентификувана родова перспектива:**

Од аспект на родова димензија проектот има за цел да придонеси кон намалување на најсуровото кршење на човековите права, т.е насилство врз жените и девојчињата односно да придонеси во борбата против трговијата со луѓе во која како жртви на трговија со луѓе се јавуваат жени и деца.

**Реализирани активности:**

- Испечатен информативно едукативен материјал (1000 лифлети) и 10 маици со пораката „Будно против трговијата со луѓе";
- 1 едукативна работилница (предавања) за ученици од основно училиште ( реализирана на 15.12.2020 год. со 18 ученсици);
- 1 едукативна работилница (предавање) за родители и деца под ризик реализирана на 18.12.2020 год. со 16 учесници;
- 1 едукативна работилница (предавање) за здравствени работници и соработници од ЈЗУ Клиничка болница Битола, Здравствен дом Битола и приватна ЈЗУ , реализирана на 24.12.2020 со 20 учесници;

- Организиран јавен настан (улична акција) за дистрибуција на едукативен материјал реализирана на 08.12.2020 во рамките на Неделата за борба против трговијата со луѓе;
- Предавањата со оглед на состојбата со Ковид 19 беа реализирани преку Платформата на ЗУМ.

**Резултати од реализираните активности:**

- Зголемена информираност за трговијата со луѓе кај здравствените работници и соработници за навремена идентификација на жртвите на трговија со луѓе;
- Зголемена информираност на родителите со ранлива група на деца (децата под ризик) за проблемот на трговија со луѓе;
- Подигната јавна свест кај пошироката јавност за проблемот трговијата со луѓе.
- Покренување на иницијативи за реализација на превентивни активности за проблемот на трговија со луѓе.

**Активности за односи со јавноста**

- Објава на facebook на NGO SEMPER;
- Објава на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk;
- Објава веб страната на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на facebook на Antitrafficking Macedonia

**Доделени средства за 2020 година - 30 000 денари**

## 3. ЖЕНСКА ГРАГАНСКА ИНИЦИЈАТИВА „КЛЕА„ БИТОЛА

**Наслов на проектот:** Здравјето на жената и родовата еднаквост

**Цел на проектот:**

Зголемување на свесноста на жените од Битола постари од 18години за женското здравје преку едукативна кампања.

**Реализирани активности:**

- Подготовка на едукативен матријал во периодот 1-јули до 1 декември 2020г
- Поставување на едукативен матријал на фејс бук страната на ЖГИ Клеа во периодот од 10 дек декември до 30 декември (вкупно 20 различни теми)
- Споделување на припремениот едукативен матријал други здруженија од Битола кои работаат со специфични целни групи (пензионери, дијабет, инвалидизирани лица), КЕМ во О. Битола преку фејс бук страницата
- Планираните предавања не се одржаа поради ситуацијата со пандемијата од Коронавирусот и почитување на мерките пропишани од Министерството за здраство

**Резултати од реализираните активности:**

Објавените теми на facebook страницата на ЖГИ КЛЕА Битола беа проследени од многу граѓани (пријатели) со над 1000 лајкови и многу позитивни коментари за поставените теми линкот на објавување

- https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=199242755240064&id=104540838043590

**Активности за односи со јавноста (линкови од медиумски објави)**

Во време на Пандемијата од Ковид 19 кога треба да се почитуваат мерките за заштита на населението и забрана на собирања (присуство во живо) добро е да се да се продолжи со објавување на вакви теми за Здравјето на жената и родовата еднаквопст преку социјалните мрежи веб страницата на Општината во соработка на КЕМ и др. граѓански органицации медиумите со тоа што ке се подигни свеста на жените за заштита чување на нивното здравје

линкот на објавување

- https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=199242755240064&id=104540838043590

Објавени беа следните теми.

- Женското здравје и родовата еднаквост – што мора да знеме

- Женско здравје
- Здравствени проблеми жени & мажи
- Хуман папилома вирус ( ХПВ ) и женското здравје
- Карцином на грлото на матката
- Што е ПАП тест
- Менопауза и срцевите заболувања
- Како можат жените, особено оние во менопауза, да го намалат ризикот од срцеви заболувања?
- Сончање,Солариум, Вашата кожа и ризик од карцином на кожата
- Уринарна инконтиненција
- Како да се ослободиме од уринарната инконтиненција
- Време е за бебе
- Вие и вашиот гинеколог за време на бременост
- Жената и КОВИД 19
- Дали оралната хигиена е исто толку важна колку и миењето на раце во време на COVID - 19 пандемијата?

**Доделени средства за 2020 година - 30 000 денари**

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Во текот на целата година се спроведува акцијата „Помош на стари лица во домашни услови“ од страна на членки.

Организацијата на жени на Општина Битола, на својата онлајн седница од септември 2020 година, одлучи средствата кои (ќе) ги овозможи Општината за нашето работење, да ги потроши за купување на лаптоп компјутер, за потребите на своето работење.

Членките на Организацијата кои работеа оваа година на проектот „Помош на стари лица во домашни услови“ се откажаа од својот хонорар во интерес купување на лаптоп.

**Доделени средства за 2020 година - 30 000 денари**

**За дел од активностите на здруженијата се издвоени средства од 120.000 ден од средствата за здруженија на граѓани.**

Изготвил:

М-р Виолета Налевска

ЗАПИСНИК

Повик поддршка на проекти и програмски активности на здруженија на граѓани кои работат во областа на еднаквите можности

Бр. 08-108/4 од 01.03.21

Во врска со јавниот повик со архивски број 08-108/2 од 04.02.2021 доставено до Комисија за разгледување на пристигнати апликации од здруженија на граѓани и фондации по јавен повик за поддршка на проекти од Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2021 и Буџетот на Општина Битола за 2021 година Комисијата на ден 01.03.21(Понеделник) одржа седница.

Присутни: Членовите на Комисијата за разгледување на пристигнатите апликации: м-р Виолета Налевска - претседател, м-р Симона Јовеска - член, Марија Стојановска - член.

Комисијата ги разгледуваше разгледуваше пристигнатите аплиации од здруженија и фондации констатираше дека до Општина се пристигнати:

1. Име на здружението **Женска граѓанска организација „КЛЕА "**

Име на проектот: Олеснат пристап на жените од руралните средини во Општина итола до пазарот на трудот

Приоритетна област: Родова еднаквост и економска јакнење на жената

Цел на проектот: Олеснат пристап на жените од руралните средини во Општина Битола до пазарот на труд

Партнери: /

Главни активности:

1. Работилница на тема „ Човекови права, женски човекови права и родова еднаквост"
2. Работилница на тема „Подигнување на самодовербата и комуникациски вештини".
3. Работлница на тема „Активни мерки за вработување и специфични мерки за жени и Активни мерки за вработување во земјоделството, и специфични мерки за жени"
4. Формирање на FB група со жените учеснички во проектот за информирање за активните мерки за вработување

Целна група: 20 невработени жени и тоа 10 од с. Буково и 10 од с. Брусник

Временска рамка: 5 месеци

Буџет: 56 500 ден

Општина Битола: 50.000 ден

**Заклучок: Одобрени 50.000 ден**

2. Име на здружението **Организација на жени на Општина- Битола**

Име на проектот: Тридневно одбележување на празникот на женски права - 8ми Март

Приоритетна област: Промоција на родова рамноправност – прослава на меѓународниот ден на женски права 8ми Март. Поставување на хибридни култрни настани од жени уметнички и песни и текстови посветени на битолската жена. Сликање на портрети на жени од членови на Мал битолски Монмартр.

Цел на проектот: Поинаков 8ми Март – културна прослава, промоција на краткиот разказ како книжевна форма, портрет на жени кои ја обележале Битола и ќе останат во трајна сопственост и сеќавање

Партнери: НУБ Битола

Мал битолски Монмартр (доколку се постигне договор)

Главни активности: Промоција и доделување на наградите на најуспешните раскази и симболични признанија на сите учесници во целокупната манифестација

Целна група: Љубителите на пишаниот збор, граѓаните на Битола и љубителите на портрети и воопшто на ликобната уметност,

Временска рамка: 1 седмица – првата во месец март 2021г.

Буџет: 50 000 ден

Општина Битола: 50 000 ден

**Заклучок: Одобрени 40.000 ден**

3. Име на здружението: **Здружение за европска интеграција „Европска гледна точка" Битола**

Име на проектот: Сите ние сме исти

Приоритетна област: Родова еднаквост преку образованието

Цел на проектот: Подигнување на свеста кај младата популација за родова еднаквост

Партнери: /

Главни активности: Држење обука и предавање на учениците во основното образование на ниво на цела Општина Битола ( 12 училишта)

Целна група: Млади граѓани од основното образование

Временска рамка: 4 месеци

Буџет: 50 000 ден

Општина Битола: 50 000 ден

**Заклучок: Одобрени 45.000 ден**

4. Име на здружението **ЗУР Македонски ракотворби** - Битола

Име на проектот: Жените можат

Приоритетна област: Родова еднаквост и економско јакнење на жената

Цел на проектот: Подигнување на свеста и знаењето на жени ракотворки за претприемништвото преку обуки и нивно излегување на пазарот на трудот и зголемен број на жени претптриемачи.

Партнери: /

Главни активности:

1. Обука „Претприемништво"

2. Обука „Маркетинг и промоција "

3. Работилница за ракотворење во различни техники и

4. Промоција и презентација на изработките преку изложба

Целна група: Жени ракотворки со отежнат пристап на пазарот на трудот

Временска рамка: 3 месеци

Буџет: 50 000 ден

Општина Битола: 47 500 ден

**Заклучок: Одобрени 40.000 ден**

5. . Име на здружението **Лоесје ( Луше) Битола**

Име на проектот: Родова еднаквост и активизам против родово базирано насилство

Приоритетна област: Родова еднаквост преку образование

Цел на проектот: Зголемување на капацитетите за препознавање и зголемување на свеста за родово базирано насилство

Партнери: СОМУ „Јован Калаузи " Битола

Главни активности:

1. Обука за дефинирање и препознавање на родово базирано насилство
2. Обука за Лоесје креативно пишување

Целна група: Средношколци

Временска рамка: 2 месеци

Буџет: 50 000 ден

Општина Битола: 50 000 ден

**Заклучок: Одобрени 45.000 ден**

6. Име на здружението **Здружение за млади и доживотно учење Пријателство плус - Битола**

Име на проектот: Инклузивен модел на младинско женско претприемништво во Битола

Приоритетна област: Родова еднаквост преку економско јакнење на жените

Цел на проектот: Унапредување на квалутетот на животот на младите ( мажи и жени) преку развој на претприемништвото во Битола

Партнери: УКИМ Битола; Факултет за информатички и комуникациски технологии Битола; Правен факултет Битола; СОЕУ Јане Сандански Битола; СОУ Таки Даскало Битола.

Главни активности:

1. Реализација на акционо истражување на инклузивни модели за младинското женско претприемништво
2. Формирање на меѓусекторска група за промоција на концептот за младинското женско претприемништво
3. Реализација за обуки за поттикнување на креативноста и иновативноста кај младите жени
4. Подготовка на прирачник за младинското женско претприемништво

Целна група: Млади жени од 19 до 35 години

Временска рамка: 3 месеци

Буџет: 50 000 ден

Општина Битола: 50 000 ден

**Заклучок: Одобрени 40.000 ден**

7. Име на здружението **Здружение за наука и култура НОВА Битола**

Име на проектот: Зборник песни „Еднакви можности “

Приоритетна област: развивање на креативноста кај учениците, развивање свест за еднакви можности меѓу половите и намалување на насилството над девојчињата во училиптата

Цел на проектот:

- Поттикнување на креативноста кај учениците за литературно творење
- Создавање клима на културен (творечки) натпревар помеѓу учениците во основнте и средните училишта во Битола

Партнери: /

Главни активности:

- Распишување конкурс на тема „Улогата на жената во современото општество - еднакви можности за сите “
- Средување на пристигнатите творби и стилска дообработка
- Техничко уредување
- Печатење на зборникот
- Промозија на Зборникот
- Доставување на примероци од Зборникот во училиштата

Целна група: Учениците од од основните и средните училишта од Општина Битола

Временска рамка: 01.03 до 30.05. 2021

Буџет: 35 000 ден.

Општина Битола: 35 000 ден.

**Заклучок: Одобрени 35.000 ден**

8. Име на здружението: **Центар за човекови права АМОС Битола**

Име на проектот: Врснички едукатори за родово – базирано насилство

Приоритетна област: Човекови права (Образование за човековите права, родова рамноправност, детски права)

Цел на проектот:

- Оспособување на децата да делуваат како врснички едукатори за родово-базирано насилство во нивната училишна средина

- Стекнување на знаења во врска со родовите прашања (род, пол, родови улоги, стереотипи и предрасуди, родова дискриминација, родово – базирано насилство)

- Работилници за тренинг на врсничките едукатори

Партнери: /

Главни активности:

1. Подготвителни активности
2. Две работилници за тренинг на врснички едукатори
3. Десет работилници организирани и реализирани од страна на врсничките едукатори во нивните училипта
4. Една работилница за евалуација со уесниците во проектот

Целна група: Учениците на возраст од 10 – 12 год. од сите основни училипта во Битола

Временска рамка: два месеци

Буџет: 50 000 ден.

Општина Битола: 50 000 ден.

**Заклучок: Одобрени 35.000 ден**

9. Име на здружението: **Здружение за заштита и промоција и едукација за храна „СЛОУ ФУД"**

Име на проектот: Пазар на фармери – алатка за економско јакнење на руралните жени

Приоритетна област: Родова еднаквост преку медиумите и економско јакнење на жени

Цел на проектот: Поддршка на руралните жени, производители на земјоделски производи и овозможување на канали за пласман на нивните производи и едукација на нивните потрошувачи на зелените пазари

Партнери: ЈП ПАЗАРИ Битола, СЛОУ ФУД Фондација за биодиверзитет - Италија и СЛОУ ФУД Македонија

Главни активности:

- Идентификување на жени – производители на храна од руралните средини на Битолскиот регион
- Информирање и анимирање на руралните жени за концептот на проектот и пазарот
- Воспоставување на пазарот и управување на пазарот „ Пазарот на фармери"

Целна група: Рурални жени од подрачјето на Пелагонија

Временска рамка: 7 месеци (01.05 до 31.11.2021)

Буџет: 60 000 ден.

Општина Битола: 50 000 ден.

**Заклучок: Одобрени 40.000 ден**

10. Име на здружението: **Форум на млади Битола**

Име на проектот: Медија тинк

Приоритетна област: Родова еднаквост пеку медиумите

Цел на проектот:

- Видно подигнување на свеста кај младите за критично размислување, аналитички пристап кон информациите кои ги добиваат од медиумите за нивна правилна евалуација
- Младите активно да учествуваат и креираат во употребата на медиумски пораки во различни форми
- Младите правилно да ја сфатат и имплементираат медиумската писменост како вистинско учење за медиумите, а не како учење преку медиумите

Партнери: /

Главни активности: Обуки, менторска работа, изработка на содржини и панелна дискусија

Целна група: 20 учесници од кои мнозинството женски од 16-35 год. од социјално загрозени семејства кои немаат можности за правилно информирање и учество на сличните настани

Временска рамка: 5 месеци

Буџет: 50 000 ден.

Општина Битола: 50 000 ден.

**Заклучок: одбиени не се согласно наведените цели од програмата за еднакви можности**

**Во прилог 1 табелата со бодови за евалвација**

Членови на комисија: Виолета Налевска
Дејан Додовски
Марија Стојановска

ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА 2022 ГОДИНА

**Подготвил:**
Сектор за економски развој, јавнни дејности и информатичка технологија на општина Битола
**Разгледува:**
Комисија за еднакви можности
**Одлучува:**
Совет на општина Битола
**Претставник на комисија:**
д-р Анита Ангелевска

Април, 2023

ВОВЕД

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Програмата за еднакви можности за 2022 година беше заснована врз принципите од Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за еднакви можности на општина Битола 2021-2026 година:

**Еднаквост** за сите луѓе (жени и мажи) во слободен пристап до информации, можностите и придобивките од сите јавни услуги кои ги нуди општината

**Транспарентност** - подготвеност да се одговори на секое прашање што ги интересира граѓаните/ките и давање јасни одговори подеднакво на сите и на јазик лесно разбирлив за сите граѓани/ки.

**Партиципативност** - влученост на сите жени и мажи имајќи ги предвид нивиете различни позадини и позиции, притоа гарантирајќи ја интесекциската димензија на нивните потерби како засегнати страни во процесот на одлучување и креирање на локални политики (родова еднаквост во донесувањето на одлуките).

**Отчетност** - редовно поднесување извештаи од страна на општината за начинот на работа и трошењето на средствата кои се прибираат од даноците и давачките што ги плаќаат граѓаните/ките со вклучени податоци кои се родово-разделени.

**Ефективност** - колкаво е нивото на постигнување на поставените цели. Ефективноста не се мери преку цена на чинење. Во смисла на стратегијата, ефективноста е принцип кој мери степен на постигнување на родово одговорни цели.

**Ефикасност** - постигнување на утврдените цели на најбрз, економичен и ефективен начин, постигнување на родово одговорните цели со рационално и економски исплатливо трошење на финансиските ресурси, притоа имајќи ги предвид економските проекции за долгорочен економски раст на општината.

Дополнително, програмата се се темели на Стратегијата за еднакви можности на Општина Битола која е насочена кон остварување на визијата Битола да стане место на еднакви можности за мажите и жените во севкупното општествено живеење.

Стратешки, Општина Битола ќе ја влучи родовата перспектива во своите образовни, здравствени, социјални, локално-економски, комунални, и секаков друг вид на програми и услуги преку родово-сензитивно унапредување на постапките за јавни набавки, родово одговорно буџетирање и следење на спроведувањето на програмите и услугите со цел унапредување на родовата еднаквост во општината.

## I.ФОРМИРАН СОВЕТОДАВЕН ЦЕНТАР ПРОТИВ СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Општина Битола со сопствени средства го реализираше проектот "Формирање Регионален советодавен регионален центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство". Финансиските средства беа обезбедени од буџетот на општина Битола, од Програмата за родова еднаквост за 2022 година (463110 - трансфер до здруженија на граѓани и фондации), а целиот проект се реализираше во партнерство со Националната мрежа за жртви од семејно и родово базирано насилство, врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка бр.08-248, од 03.03.2022 година. Вкупната вредност на проектот е 1 000.000,00 денари.

Ова значи голем чекор напред во решавање и превенирање на еден сериозен проблем во заедницата, потврден, за жал низ конкретни бројки и показатели. Отворањето на овој центар значи сериозно заложба Битола да прерасне вистински во општина со еднакви можности за сите и за жените и за мажите, како резултат на решеноста општина Битола да биде поддршка за сите нејзини граѓани, а услугите кои ќе ги нуди да одговараат на нивните индивидуални потреби. Оттаму неопходноста од отворање на еден ваков Регионален советодавен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство и Битола е една од првите општини во Државата која со сопствени средства го овозможува неговото функционирање.

## II. РЕВИДИРАНА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2021-2026

Изработената Стратегија за родова еднаквост 2021-2026, во текот на 2022 година беше ревидирана, во соработка со UN WOMEN и испечатена. Ревидираната верзија е објавена на WEB страната на општина Битола.

## III.ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ (BASELINE) - РАЗБИВАЊЕ НА РОДОВИТЕ СТЕРЕОТИПИ И ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА РОДОВИТЕ УЛОГИ

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за еднакви можности на жените и мажите на РМ („Службен весник на РМ " бр.6/12, 27/13, 46/15, 125/15 и 114/17) и Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2022 („Службен гласник на Општина Битола" бр. 22/21 од 29.12.2021 Општина Битола објави Јавен повик бр.40 - 41/2, 25.10.2022 год. за спроведување анкета на јавно мислење (baseline) во областа еднакви можности, со цел детектирање на потребите на мажите и жените во општина Битола со спроведено истражување и соодветна анализа на родовите односи меѓу мажите и жените, преку спроведување на анкета. Финалниот документ ќе даде сублимирани податоци по категории граѓани какви се ставовите за родовата еднаквост, кои се потребите, проблемите и кои се понудените решенија. Оваа анализа ги нотира разликите во перцепциите на мажите и жените за приоритетите на општина Битола, но и дава податоци колку и какви родови стереотипи се присутни помеѓу граѓаните, што би овозможило и утврдување на потребите на мажите и жените за унапредување на постојните и дизајнирање на нови мерки за разбивање на родовите стереотипи и трансформирање на родовите улоги, а исто така и ќе биде добра база за креирање на идната годишна програма за работа на КЕМ и креирање на нови мерки и политики на општина Битола во областа на родовата еднаквост.

## IV. ПОТПИШАНА ЗАЛОЖБА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА

Советот на општина Битола, сите советнички и советници потпишаа Заложба за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилството врз жените во политиката (Битола, 16.01.2023 година бр.41-11/1). Имајќи предвид, дека насилството врз жените претставува повреда на правата, основните слободи и личниот интегритет на жените, советничките и советниците се обврзаа да работат во согласност со законите посветени на почитување на правата, слободите и личниот интегритет на жените, недискриминацијата и родовата еднаквост и секој пример на насилство врз политичарка или политичар јавно да го осудат. Исто така, советничките и советниците во општина Битола, се обврзаа да делуваат во насока на сузбивање на сите форми на насилството во сите училишта на територијата на општината со цел превенција и едукација на идните генерации. Крајната цел на оваа Заложба е унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на сите форми на насилство врз жените во политика, во духот на вредностите од Универзалната декларација за човековите права на Обединетите Нации, а советниците и советничките едногласно изразија подготвеност и одлучност за почитување и примена на меѓународните и домашните прописи кои се залагаат за унапредување на правата и на статусот на жените во општеството.

Оваа Заложба е развиена и е подготвена во рамки на проектот за Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените кој е спроведуван од Националниот демократскиот институт (НДИ) во Северна Македонија со финансиска помош од Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка - Сида, со цел да ги заштити жените кои се вклучени во политиката, но и да ги мотивира оние кои сакаат да се вклучат во иднина.

## V. ОБУКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КЕМ И ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во текот на 2022 година беа одржани повеќе обуки на советничките и советниците - членови и членки на КЕМ и општинската администрација во рамките на проектот „Унапредување

на родовата еднаквост преку политичко учество на жените" кој го спроведе Националниот демократскиот институт (NDI) со финансиска помош од Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка - Сида.

Исто така, во рамките на соработката со UN WOMEN, во текот на минатата година беа реализирани повеќе обуки и тренинзи, а во согласност со Програмата за еднакви можности, за унапредување и зголемување на знаењата и вештините на членките и членовите на КЕМ и општинската администрација, со акцент на родово - одговорното буџетирање, како основа за успешна реализација на креираните политики во делот на унапредувањето на родовата еднаквост.

## VI. ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

На иницијатива на градоначалникот Тони Коњановски (бр. 08-1409, од 23.12.2022 година) и претседателката на Советот и претседателка на КЕМ Габриела Илиевска, Советот на општина Битола, а врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Стратегијата за развој на женско препримемништво во Република Македонија за 2019-2023 година, како и Стратегијата за еднакви можности на Општина Битола за период од 2021-2026 година, донесе одлука за формирање Совет за поддршка на женско претприемништво на Општина Битола, заради поттикнување и поддршка на актуелните и потенцијалните жени претприемнички и во општината.

Советот за женско претприемништво на Општина Битола е составен од Градоначалникот на Општина Битола, координаторката за еднакви можности на жените и мажите, членови - ки на Советот, претставници - чки на здруженија и организации, претставнички - ци од бизнис секторот, претставнички - ци од образовниот сектор како и експерти - ки од областа на претприемништвото.Советот за женско претприемништво на Општина Битола е отворен за соработка и со други субјекти, кои по потреба ќе ги вклучува во својата работа при разгледување на одредени прашања и проблеми од соодветната

област. Советот за женско претприемништво на Општина Битола се формира заради остварување на следните цели:

- Разгледување и давање препораки за прашања од интерес за поддршка на женското претприемништво и еднаквите можности на жените и мажите
- Усогласување на стратегии, креирање на планови, давање на мислења, носење на заклучоци, градење на политики за поддршка на жените претприемнички, еднаквите можности и женските права, заради општествено и економско зајакнување на жените.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија”бр.5/02) утврдена е надлежноста на Градоначалникот. Една од надлежностите на Општина Битола е утврдување стратегија и давање поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и претприемништво. Целите и приоритетите на Општина Битола се поддршка и развој на женското и социјално претприемништво. Согласно стратешката рамка на ЕУ за поттикнување на женското преатприемништво, државите членки се повикани да изработат и реализираат национални стратегии за женско претприемништво. Во Стратегијата за развој на женско претприемништво во Република Македонија 2019-2023 година констатирано е, дека постои недоволна застапеност на жените во активностите за претприемништво, во сопственичката структура на претпријатијата и занаетчиството, на пазарот на труд, во управувачките структури и сл. Согласно Стратегијата една од мерките која се предлага да биде преземена на локално ниво е соработката со локалната власт за вклучување на развојот на женското претприемништво како клучно во локалните програми за развој. Во таа насока, а заради имплементација на горенаведеното, формирање на еден ваков Совет ќе придонесе кон суштинско поврзување помеѓу носителите на различните активности за развој на капацитетите во претприемништвото на државно и локално ниво, како добра основа за следење на ефектите од применетите политики, програми и инструменти. Земајќи ја во предвид и Стратегијата за еднакви можности на Општина Битола за периодот 2021-2026 година, формирањето на едно вакво тело ќе даде несебична поддршка на жените претприемнички за вмрежување како и поврзување со институциите и граѓанските организации. Тоа ќе придонесе за вклучување на жените на раководни позиции, но и на клучни функции, со внимание на родовото буџетирање при градењето на политики на родова еднаквост.

## VII. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА НА КЕМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ЗА 2022 ГОДИНА

Извештајот за реализација на соработката на КЕМ со здруженијата на граѓани за 2022 година во себе ги вклучува реализираните активности од страна на ЗГ според Програмата за еднакви можности односно Јавниот повик бр.40-41/1, објавен на 23.03.2022 година.

## VII.1 РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА СОРАБОТКАТА НА КЕМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ЗА 2022 ГОДИНА

Во текот на 2022 година беше распишан Јавен повик до здруженијата на граѓани за реализација на активностите од Програмата за еднакви можности. Пристигнаа 13 апликации и на сите од КЕМ им беа доделени средства во рамките на можнстите но и квалитетот на апликацијата односно поднесениот проект. Во продолжение детален извештај:

**1.Организација на жени на Општина Битола**

**Наслов на проектот:** „Јас сум бизнис жена"

**Главна цел на проектот:**

Зголемување на свесноста на жените за отворање сопствен бизнис.

**Идентификувана родова перспектива:**

Родова еднаквост и економско јакнење на жената. Вклученост на жени бознисменки и оние ки тоа сакаат да бидат во иднина.

**Реализирани активности:**

Организација на три настани.

**Доделени средства за 2022 година - 10.000 денари.**

2.Здружение за спортски консалтинг, спорт, спортска рекреација и организација на настани - АГЕНЦИЈА ЗА СПОРТСКИ КОНСЛАТИНГ АМС БИТОЛА

**Наслов на проектот:** „Спортот има моќ да ја направи родовата еднаквост реалност"

**Главна цел на проектот:**

Отстранување на стереотипи, намалување на дискриминација, постигнување рамноправност во сите сфери на живеење со акцент на спортот.

**Идентификувана родова перспектива:**

Промоција и поттикнување родова еднаквост и недискриминација, зголемување на учеството на девојки и жени во спортот. Зголемување на јавната свест за регулаторната рамка за заштита од родова нееднаквост и дискиминација во спортските здруженија и федерации.

**Реализирани активности:**

Анализа на ставовите на спортските здруженија и федерации за односот кон родовата еднаквост и детектирање механизми за нејзино унапредување.

**Доделени средства за 2022 година - 20.000 денари.**

3.ЗУР МАКЕДОНСКИ РАКОТВОРБИ

**Наслов на проектот:** „Емпиризмот на ракотворците во функција на младите потенцијални знаетчии - жени Ромки"

**Главна цел на проектот:**

Подигнување на свеста за значењето на економската и култураната еманципација на младите Ромки, учење на вештини за самостојно настапување на пазарот на трудот, економско и занаетчиско зајакнување на младите Ромки

**Идентификувана родова перспектива:**

Промоција и поттикнување родова еднаквост и недискриминација, зголемување на учеството на девојки и жени Ромки на пазарот на трудот и нивно економско јакнење.

**Реализирани активности:**

Предавања обуки, од областа на занаетчиството, совладување вештини, изложба.

**Доделени средства за 2022 година - 15.000 денари.**

4.Здружение за развој на ромската заедница „Сумнал"

**Наслов на проектот:**„Преку зајакнати вештини до вработување на младите Ромки"

**Наслов на проектот:** „Емпиризмот на ракотворците во функција на младите потенцијални знаетчии - жени Ромки"

**Главна цел на проектот:**

Зајакнување на капацитетите на младите жени Ромки за индивидуален кариерен развој и нивна поддршка за правилно насочување за градење на успешна кариера и вработување.

**Идентификувана родова перспектива:**

Унапредување на родовата еднаквост и економско јакнење на младите Ромки

**Реализирани активности:**

Обуки на 25 млади Ромки.

**Доделени средства за 2022 година - 50.000 денари.**

**5.Здружение на граѓани Иновактива Битола**

**Наслов на проектот:**„Реално.мк"

**Главна цел на проектот:**

Едукација за родова еднаквост преку нов медиум.

**Идентификувана родова перспектива:**

Унапредување на родовата еднаквост преку медиуми, разбивање на стереотипи.

**Реализирани активности:**

Анкети и прашалници за родова еднаквост.

**Доделени средства за 2022 година - 5.000 денари.**

6.Тогетхер Мацедониа

**Наслов на проектот:**„Улогата на медиумската писменост при градње родова еднаквост“

**Главна цел на проектот:**

Развивање на свест за потребата и неопходноста од медиумската писменост и родовата застапеност кај младите од 15-24 години.

**Идентификувана родова перспектива:**

Еднаквост меѓу мажите и жените.

**Реализирани активности:**

Формирање фокус-група, истражување, работилници.

**Доделени средства за 2022 година - 30.000 денари.**

**7.Здружение на граѓани за ромоција на регионална соработка 22 Нентори**

**Наслов на проектот:**„Преку стручните мечанички задачи во борба против родова дискриминација“

**Главна цел на проектот:**

Совладување на основните механички операции од страна на жените, потврдување на нивната еднаква способност со мажите.

**Идентификувана родова перспектива:**

Еднаквост меѓу мажите и жените, елиминирање на родова дискриминација, анализа на состојбите околу стереотипите за грижата за возилата межу мажите и жените.

**Реализирани активности:**

Обуки и работилници.

**Доделени средства за 2022 година - 10.000 денари.**

**8.Здружение за изведувачки уметности ИНТИМЕН ТЕАТАР Битола**

**Наслов на проектот:**„Театар на личноста или теататрот како алатка за родова еднаквост и економско јакнење на жената“

**Главна цел на проектот:**

Родова еднаквост на жената, економско јакнење и подобрување на квалитетот на живот на жената, преку создавање театар.

**Идентификувана родова перспектива:**

Учество на жени во проектот и зајакнување на нејзиното место во заедницата.

**Реализирани активности:**

Театарск работилница, обука за менаџерски способности и ПР.

**Доделени средства за 2022 година - 10.000 денари.**

**9.Здружение за афирмација на дигиталната култура - КЈУ АР ОПШТЕСТВО Битола**

**Наслов на проектот:**„И таа може како него“

**Главна цел на проектот:**

Поголема самостојност на жените во секојдневните активности преку запознавање и стекнување на жените со секојдневните вештини кои се сметаат за типично машки..

**Идентификувана родова перспектива:**

Намалување на предрасудите за постоење на т.н „машки“ и „женски“ вештини.

**Реализирани активности:**

3 тематски обуки (електричар, водоинсталатер и автомеханизач“, печатена брошура и објавена на интернет.

**Доделени средства за 2022 година - 50.000 денари.**

**10.Здружение СОЛИДАРИТЕТ ЕУ Битола**

**Наслов на проектот:**„Сите за еднаквост“

**Главна цел на проектот:**

Унапредување на родовата еднаквост преку намалување на родовите стереотипи и предрасуди во училиштата.

**Идентификувана родова перспектива:**

Еднаков пристап до образование за сите, до можностите за учење, еднакви постигања и напредок на мажите и жените во сите сфери на животот.

**Реализирани активности:**

Предавања, обуки, кампања, тркалезни маса.

**Доделени средства за 2022 година - 10.000 денари.**

**11.Здружение на жени ИСКРА Битола**

**Наслов на проектот:**„Семејството и процесот на социјализација"

**Главна цел на проектот:**

Јакнење на улогата на семејството во локалната заедница.

**Идентификувана родова перспектива:**

Учење за родово одговорно поведение, учење за родовите улоги.

**Реализирани активности:**

Работилници во основните училишта.

**Доделени средства за 2022 година - 20.000 денари.**

**12.Здружение за иновации ЦЕНТАР ЗА ИНОВАЦИИ И МЕНАЏМЕНТ (ЦИМ) Битола**

**Наслов на проектот:**„Зајакнување на капацитетите кај младите жени за претприемништво во ИТ секторот"

**Главна цел на проектот:**

Подобрување на социо - економската положба на младите жени, нивно економско јакнење.

**Идентификувана родова перспектива:**

Родова еднаквост - унапредување преку економски независни жени.

**Реализирани активности:**

Обуки, работилници, публикација за ИТ вештини кај младите жени.

**Доделени средства за 2022 година - 50.000 денари.**

## 13.Центар за образовни и развојни иницијативи ИНОВА ЛАБ Битола

**Наслов на проектот:**„Локално партнерство за економско јакнење на жените"

**Главна цел на проектот:**

Поттикнување на жените од Битола за искористување на сопствениот потенцијал и придонес во заедницата преку локално партнерство и поддршка.

**Идентификувана родова перспектива:**

Родова еднаквост - економско јакнење на жената преку работилници за можностите за економска самостојност преку започнување сопствен бизнис.

**Реализирани активности:**

Тркалезна маса, работилници, формиран Институт (клуб) за поттикнување на претприемничкиот и менаџерскиот потенцијал на жените.

**Доделени средства за 2022 година - 50.000 денари.**

## VIII.ФИНАНСИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА 2022 ГОДИНА

| Реден број | | Датум на реализација | Институција | ставка | Износ (Денари) | Реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | реализација на проекти за ЕМ / советовалиште за ЖСМ | 2022 | ЗГ | 463110 | 1.340.000 ден | 1.330.000 ден |
| 2 | Консултански услуги | 2022 | ЗГ/консултантска куќа | 425970 | 150.000 ден | 150.000 ден. |
| 3 | Домување жртви семејно | 2022 | Физички лица | 425990 | 500.000 | / (не се појави таква потреба) |
| | Вкупно | | | | 2.050.000 ден | 1.480.000 72% |

подготвил:

д-р Анита Ангелевска

координаторка за еднакви можности

# З А П И С Н И К

**-од седницата на Комисијата за финансии и буџет на Советот на општина Битола одржана на ден 21.03.2023 во 11.00 часот**

На седницата беа присутни членовите на Комисијата за финансии: Габриела Илиевска, претседател на Комисијата: Бојан Бојковски, Марица Тодоровска и Елизабета Тодоровска.

Отсутен беше членот на Комисијата: Борче Корлевски

На комисијата присуствуваа и други членови на Советот: Методија Илиевски, Кире Климески и Елена Кромидаровска-Маховска.

Записникот го водеше Стефанија Боцевска, советник во одделението за имот и имотно правни работи.

За работа на седницата беше предложен и усвоен следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**1.Разгледување на пристигнатите барања по Јавниот повик за поддршка на проекти и програмски активности на граѓански организации и фондации со вклучена компонента од областа на еднаквите можности**

На седницата на комисијата беше констатирано дека дел од барањата за здруженија на граѓани по оглас се со некомплетна документација.

Комисијата со 4 гласа „ЗА“ одлучи и заземе став дека потребно е барателите кои немаат комплетна документација, истата да ја комплетираат и потоа нивните барања да бидат однесени на исплата или разгледани.

По точката од дневниот ред, Комисијата со 4 гласа „ЗА“ одлучи да му додели средства и ја задолжи општинската администрација да изработи договори согласно Методологијата за следните здруженија:

| РБ | НАЗИВ НА ЗДРУЖЕНИЕ | ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА | ПОЕНИ | ИМЕ НА ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА - Битола** | 30.000 | 76 | Зошто е важно да зборуваме за човековите права? |
| 2. | **Здружение на креативноста, уметноста и културата на град Битола КОНЗУЛИ (ЗКУК Конзули Битола)** | 20.000 | 66 | Музичка – танцова терапија во Анастасија Центар |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Здружение за иновации ЦЕНТАР ЗА ИНОВАЦИИ И МЕНАЏМЕНТ (ЦИМ) - Битола | 20.000 | 66 | Развој на вештини за вработливост и индивидуални вредности кај млади жени |
| 4. | Македонско-турско здружение Мустафа Кемал Ататурк – Битола | 20.000 | 67 | Документарен филм "Трите сестри" |
| 5. | Здружение за негување на традиционалните вредности Аманет- добра мисла Битола | 20.000 | 70 | Жени со мажи |
| 6. | Здружение за заштита на животните и животната средина „БИБЕВСКИ„ - Битола | 30.000 | 76 | Срекно милениче |
| 7. | Младински културен центар - Битола | 35.000 | 82 | Преку социјално менторство до економско јакнење на жени жртви на родово базирано и семејно насилство |
| 8. | Здружение за унапредување на младински иницијативи, претприемништвото,културата и туризмот РЕГИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ ФОРУМ – Битола | 50.000 | 96 | Законска регулатива и механизам за заштита на правата на жените |
| 9. | Здружение на уметници ракотворци МАКЕДОНСКИ РАКОТВОРБИ Битола | 20.000 | 70 | Искуството на ракотворците како алатка за економско зајакнување на потенцијални жени занаетчии - Ромки |
| 10 | Здружение на лица со посебни потреби ЕМАНУИЛ ПЛУС – Битола | 35.000 | 82 | Подобро утро за лицата со попреченост! |
| 11 | Здружение битолски спортски коњички – јавачки клуб КЈК БУКЕФАЛ Кравари, Битола | 10.000 | 56 | Пајтон низ Широк Сокак |
| 12 | Словеначко здружение ТРИГЛАВ - Битола | 10.000 | 56 | Гостување на хорот на словеначкото здружение ТРИГЛАВ во Солкан и Нова Горица, Словенија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Здружение на Македонците од Егејскиот дел на Македонија - Битола | 30.000 | 76 | 52 та Семакедонска Средба на 2-ри Август, с.Трново |
| 14 | Здружение на наука,култура и литература ЗЛАТНО ПЕРО – Битола | 30.000 | 76 | Награден конкурс за современа македонска литература „Симфонија на срцето 5" (Дел од кампањата за промоција на нови маедонски пистаели) |
| 15 | Здружение на психолози аз стручна и морална поддршка РИЛУКА-БИТОЛА | 30.000 | 78 | „Грижи се машки – Од свесност до вклученост" |
| 16 | Младински иницијативи за дијалог и соработка Битола (МИДС Битола) | 30.000 | 78 | Млади и анти-дискриминација |
| 17 | Женска граѓанска иницијатива КЛЕА БИТОЛА | 10.000 | 58 | Зајакнување на локално женско организирање |
| 18 | Здружение за младински активизам – КОРАЛ – БИМБ Битола | 10.000 | 56 | Женски младински активизам и волонтеризам |
| 19 | Здружение за наука и култура НОВА - Битола | 10.000 | 56 | Еднаквоста за половите низ призмата на младите автори |
| 20 | Здружение за развој на рурален туризам и организирање на битолска коњаница ГАЛОП-БИТОЛА | 20.000 | 66 | По врвиците на Кира Војвода |
| 21 | Здружение за заштита на животните и животната средина МАЛИ ХЕРОИ РЕСКЈУ - Битола | 30.000 | 76 | Имаме право за здрава и безбедна животна средина |
| 22 | Здружение на глуви и наглуви лица Битола и Демир Хисар, Битола | 25.000 | 74 | Социјална заштита во пракса кај глувите лица |
| 23 | Здружение на слепи лица Битола | 25.000 | 74 | "Ние не гледаме со очи, гледаме со срце за Битола" |
| 24 | Ансамбл за Фолклор АФ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ – Битола | 50.000 | 96 | Годишна програма за работа за 2023 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25 | Здружение на граѓани за промоција на регионална соработка 22 НЕНТОРИ Битола | 5.000 | 52 | "Борба против родовите стереотипите за спасување на природниот биодиверзитет" |
| 26 | **Фолклорен Центар АНСАМБЛ БОЖИЛАК – Битола** | 25.000 | 74 | Школа за изучување на традиционални инструменти |
| 27 | Ансамбл за Фолклор АФ СТИВ НАУМОВ – с.Логоварди, Битола | 50.000 | 96 | Годишна програма за работа за 2023 година |
| 28 | **Здружение на граѓани за интернет демократија „ПЕЛА ИНФО НЕТ" – Битола** | 10.000 | 58 | Родова еднаквост на работното место |
| 29 | **Здружение на пензионери Битола** | 10.000 | 60 | Активни вежби – здрав живот |
| 30 | **Здружение за култура, туризам и економски развој ЕКСПЛИЦИТ Битола** | 30.000 | 70 | „Усогласување на родовата еднаквост преку поголема вклученост во новите трендови" |
| 31 | **Здружение Центар за локални иницијативи – Битола** | 10.000 | 56 | Современа жена – можности, потреби и очекувања |
| 32 | **Центар за образовни и развојни иницијативи ИНОВА ЛАБ Битола** | 30.000 | 79 | Пристап до правда за ранливи категории жени |
| 33 | **Здружение на граѓани за демократија ТОГЕТХЕР МАЦЕДОНИА - Битола** | 30.000 | 76 | Употреба на дигитални алатки во формално и неформално образование |
| 34 | **Здружение ГРАЃАНСКА АКЦИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИИ – Битола** | 30.000 | 79 | Поттикнување и зајакнување на свеста за родова еднаквост кај средношколците во Битола |
| 35 | **Центар за психосоцијална поддршка и истражувања ОДРАЗ – Битола** | 20.000 | 70 | Советувалиште за семејства во психосоцијален ризик |
| 36 | **Културно уметничко друштво КУД ИЛИНДЕН – Битола** | 50.000 | 96 | Концерт на КУД Илинден - Битола |
| 37 | **Европски развоен институт ЕРИ - Битола** | 20.000 | 70 | „Еднакви можности, истражување, мониторинг и заштита на женски права" |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38 | **Здружение за мода, култура и уметност „Метрополис Икс“ - Битола** | 50.000 | 98 | АЛМАНАХ за родова еднаквост (печатено списание) |
| 39 | **Здружение за култура и уметност на слепите лица БЛАГОЈ ПЕТРОВ-КАРАЃУЛЕ Битола** | 30.000 | 76 | Музички концерт и поетско читање |
| 40 | **Здружение на граѓани Центар за развој,организација,истражување, пормоција на вредности,едукација и промоција на млади ТЕМЕЛ - Битола** | 10.000 | 58 | Родова еднаквост во научно – истражувачката работа |

**Останатите здруженија кои не се во одобрените имаа под 50 поени и не ги исполнуваат критериумите на јавниот повик.**

Бр.0911-31/2
21.03.2023 година
Б и т о л а

**ПРЕТСЕДАТЕЛ на Комисија финансии и буџет**

Габриела Илиевска____________________

**Членови на Комисијата:**

Бојан Бојковски____________________

Марица Тодоровска________________

Елизабета Тодоровска_______________

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-122/4
27.10.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **24.10.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Дали имате спроведено активности за подигање свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и рурални средини за периодот од 2018-2023 година? детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-122/1 од 24.10.2023
2. Допис до Одделение за јавни дејности бр. 11-122/2 од 26.10.2023 година.
5. Одговор од Одделение за јавни дејности со бр. 11-122/3 од 27.10.2023 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 27.10.2023 година, под бр. 11-122/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА